Врз основа на член 12-а од Законот за државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ број 59/2000, 112/2000, 34/2001, 103/2001, 43/2002, 98/2002, 17/2003, 40/2003, 85/2003, 17/2004, 69/2004, 81/2005, 61/2006 и 36/2007), директорот на Агенцијата за државни службеници донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КРИТЕРИУМИТЕ И СТАНДАРДИТЕ, КАКО И ПОСТАПКАТА ЗА СЕЛЕКЦИЈА И ВРАБОТУВАЊЕ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

**Член 1**

Во Правилникот за критериумите и стандардите, како и постапката за селекција и вработување на државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/2005) во членот 12, став (3), точка 3., алинејата 12 се менува и гласи:

„- Податоци за положени испити, сертификати, дипломи и слично, од интерес за работното место“.

Во точката 4., на крајот на реченицата се додаваат зборовите: „и согласност за начинот на известување на кандидатот“.

Во ставот (4) по зборот „вработување“ се додаваат зборовите „на државен службеник со упатство за пополнување“.

**Член 2**

Во членот 14, во ставот (1), запирката и зборовите „да подигнат литература за полагање на стручниот испит и“, се бришат.

Во ставот (3), зборот „седум“ се заменува со зборот „пет“.

**Член 3**

Во членот 16, во ставот (2), зборовите „бодовите за проверка на компетентноста постигнати на интервјуто“ се заменуваат со зборовите „вкупно остварените бодови за стручност и компетентност“.

Во ставот (4), зборот „седум“ се заменува со зборот „пет“.

**Член 4**

Постапките за селекција и вработување на државните службеници кои се во тек, ќе завршат според Правилникот за критериумите и стандардите, како и постапката за селекција и вработување на државните службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 85/2005).

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-10935/2
01.08.2007 година
Скопје

Агенција за државни службеници
Директор,
Александар Гештаковски, с.р